Врз основа на член 41 став (12) од Закон за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25, 132/25 и 250/25), министерката за образование и наука донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА НАЧИНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВОНРЕДНИ УЧЕНИЦИ

**Член 1**

Со овој правилник се уредува начинот на реализација на средното образование за вонредни ученици.

**Член 2**

Вонредни ученици можат да се стекнат со средно образование за соодветните нивоа на квалификации, согласно Македонската рамка на квалификации (МРК), во зависност од видот на средното образование.

**Член 3**

(1) Директорот назначува едно или тим од повеќе одговорни лица од редот на наставниците и/или стручните соработници, задолжени за редовна комуникација со вонредните ученици, следење на нивниот напредок и обезбедување административна и наставна поддршка.

(2) Во рамки на гимназиското образование и уметничкото образование, одговорното лице за вонредни ученици, во соработка со наставниците и/или стручните соработници, најдоцна седум дена од денот на пријавување на вонредниот ученик, ја определува разликата на наставните предмети кои вонредниот ученик треба да ги полага.

(3) Во стручното образование, одговорното лице за вонредни ученици, во соработка со стручниот актив, најдоцна седум дена од денот на пријавување на вонредниот ученик, ја определува разликата на наставните предмети и тематските целини/модуларните единици кои ученикот треба да ги положи за стекнување на соодветна квалификација /образовен профил.

**Член 4**

За секој вонреден ученик, од страна на директорот на училиштето се донесува решение во кое се наведуваат:

- признатите наставни предмети и содржини од претходното средно образование и
- дополнителни наставни предмети за полагање во текот на образовниот процес.

**Член 5**

(1) Вонредните ученици во училиштата во кои се реализира стручно образование задолжително реализираат практична настава, односно практично образование (феријална практика и учење преку работа кај работодавач), во согласност со наставната програма за соодветниот сектор и квалификација.

(2) Вежбите, практичната настава и практичното образование, вклучувајќи ја феријалната практика и учењето преку работа кај работодавач, се реализираат согласно наставниот фонд предвиден во наставниот план за образование.

(3) Вонредниот ученик, сам или со поддршка на координаторот за практично образование може да обезбеди деловен субјект (работодавач) каде реализира практична настава/учење преку работа и феријална практика.

(4) Од страна на ученикот до училиштето се доставува потврда за реализирана феријална практика кај работодавач од ставот (3) на овој член.

(5) Учениците кои се доквалификуваат или преквалификуваат и поседуваат соодветно работно искуство во секторот, односно квалификацијата, се ослободуваат од обврската за реализирање на вежби, практична настава и практично образование, доколку приложат потврда за стекнато работно искуство во секторот и квалификацијата, издадена од работодавач.

(6) Учениците кои биле дел од меѓународни образовни програми (на пр. Еразмус и сл.) и успешно завршиле практично образование, им се признаваат реализираните часови како дел од практичната настава/практичното образование, доколку содржината е компатибилна со квалификацијата.

**Член 6**

(1) Од страна на средното училиште се обезбедува соодветна педагошка, информативна и логистичка поддршка за вонредните ученици во текот на процесот на стекнување на средно образование.

(2) Поддршката од став (1) на овој член, ги вклучува следните форми:

- советување при избор на наставна и испитна програма;
- индивидуално планирање на термини за консултации и испити;
- обезбедување наставни материјали и упатства;
- можност за онлајн консултации, каде што е технички изводливо и

-континуирана комуникација со наставници и/или стручни соработници, а во стручното образование и со координатор на практично образование и ментори.

(3) За вонредните ученици кои го продолжуваат образованието во програми кои се со траење од две, три или четири години стручно образование, од страна на училиштето се обезбедува подготвителна или консултативна настава, при што се почитуваат индивидуалните потреби и услови за напредување на ученикот.

(4) За вонредните ученици од страна на училиштето се организира подготвителна настава со договорен број на часови, само доколку има група од најмалку пет вонредни ученици. Подготвителната настава се реализира согласно план за реализација на подготвителната настава, кој го изготвува училиштето во согласност со вонредните ученици.

(5) Училиштето организира консултативно-инструктивна или дописно-консултативна форма на работа за вонредни ученици кои се стекнуваат со квалификации преку преквалификација, доквалификација или дооформување на средното образование.

.(6) За вонредните ученици кои изразиле интерес, училиштето организира инструктивно-консултативна настава за подготовка за предметите од испитите на крајот на средното образование, како и за изработка и презентација на проектната задача.

(7) За вонредните ученици со попреченост, училиштето обезбедува соодветна поддршка согласно индивидуалниот образовен план или модифицирана програма, како и редовни консултации со инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот.

**Член 7**

(1) Испитите за вонредните ученици се организираат и спроведуваат најмалку шест испитни рокови во текот на учебната година, во следните испитни рокови: октомври, декември, февруари, април, јуни и август, но не повеќе од десет испитни рокови.

(2) Распоредот за полагање на испитите за цела учебна година го изготвува назначеното одговорно лице или тимот за работа со вонредни ученици, и истиот се објавува на огласната табла на училиштето, најдоцна до 15 септември во тековната учебна година.

**Член 8**

(1) Вонреден ученик може да пријави полагање на најмногу три испити во еден испитен рок.

(2) Во текот на еден ден, ученикот може да полага само еден испит.

(3) Испитите се реализираат во просториите на училиштето. За учениците во средно стручно образование, дел од испитите може да се реализираат и кај работодавачот..

(4) Вонредните ученици поднесуваат пријава за полагање испити, во рок утврден со распоредот од член 7 став (2) од овој правилник.

(5) Испитите може да се состојат од:

- усна проверка на знаење;
- писмена проверка;
- практична работа и/или

- изработка на истражувачки или проектни задачи, во зависност од карактерот и целите на наставниот предмет.

(6) Кај модуларно дизајнираните наставни програми, испитот може да вклучува писмен, усен и практичен дел, во согласност со специфичноста на предметот.

(7) Писмениот, усниот и практичниот дел од испитот се полагаат одделно и се оценуваат независно еден од друг.

(8) Практичната настава/вежбите како составен дел од модулот може да трае подолго, во зависност од сложеноста и природата на содржината.

(9) Времетраењето на практичниот дел од испитот го утврдува испитната комисија.

(10) Вонредниот ученик не може да полага испити од повисоката година на образование сè додека не ги положи сите предмети од претходната година на образование.

## Член 9

(1) Директорот на училиштето формира испитни комисии за предметите.

(2) Испитната комисија се состои од три члена и тоа: претседател и два члена од редот на наставниците по истиот предмет или од истиот предметен актив од училиштето.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, доколку училиштето не може да го обезбеди потребниот број наставници по истиот предмет, како членови на испитната комисија се назначуваат наставници од сродни наставни предмети.

(4) За наставни предмети кои содржат и теоретски и практичен дел, се формира една испитна комисија. Во составот на комисијата за практичниот дел може да биде вклучен и претставник од работодавачите.

(5) Испитната комисија работи само во полн состав.

(6) Резултатот од испитот го соопштува претседателот на комисијата веднаш по утврдувањето на оценката, но најдоцна до наредниот ден по денот на одржување на испитот.

## Член 10

(1) При утврдување на оценката се земаат предвид степенот на усвоеност на наставната содржина, како и покажаниот успех на поединечните делови од испитот (писмен, устен и практичен дел).

(2) Следењето и оценувањето на практичната настава/учењето преку работа кај работодавач за вонредните ученици го вршат наставниците по практична настава/(УПР), во соработка со менторот од компанијата.

(3) Вонреден ученик кој не е задоволен од добиената оценка има право да поднесе писмен приговор до наставничкиот совет, во рок од три дена од денот на соопштување на резултатот.

(4) Наставничкиот совет, по разгледување на приговорот, може да:

- ја потврди првичната оценка или
- донесе одлука за организирање дополнителна проверка на знаењата, вештините и способностите на ученикот.

(5) Во случај на донесување одлука за дополнителна проверка, директорот формира нова испитна комисија.

(6) Оценките од успешно положените испити се евидентираат во главната книга на учениците.

**Член 11**

(1) Трошоците за образованието на вонредните ученици се на товар на самите ученици, нивните работодавачи или други заинтересирани правни и физички лица.

(2) Висината на надоместокот за запишување, полагање испити и други предвидени активности ја утврдува училишниот одбор на средното училиште, со посебен ценовник, во зависност од видот и нивото на образование.

(3) Доколку вонредниот ученик, поради оправдани причини (на пр. болест, елементарна непогода и слично), не го полага пријавениот испит, уплатените средства му остануваат на располагање за следниот испитен рок во кој ќе се пријави.

(4) Средствата за запишување, полагање испити, практична обука, и полагањето на испитите на крајот на средното образование и други предвидени активности се уплаќаат исклучиво на сметката на училиштето за самофинансирачки активности.

**Член 12**

(1) По завршување на секоја година на средно образование, вонредните ученици добиваат свидетелство за завршена година.

(2) По успешно положен испит на крајот на средното образование вонредните ученици, во зависност од видот и нивото на образованието, се стекнуваат со соодветна јавна исправа, исто како и редовните ученици.

(3) Вонредните ученици не се оценуваат со оцена за поведение.

(4) За вонредните ученици се води ученичко досие и се евидентираат во главната книга на ист начин како и редовните ученици.

**Член 13**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување, а ќе се отпочне да се применува од учебната 2026/2027 година.

**Бр. 13-16414/1** | **Министерка за образование и наука**

**29.12.2025 година** | **проф.д-р Весна Јаневска, с.р.**

**Скопје**